СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

---

# ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА СО КОЈА СЕ УРЕДУВА ПРОДАЖБАТА НА ПРИМАРНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ОД ФАРМА

## - компаративен преглед -

---

Скопје, октомври 2018 година

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ**...... 2
**ВОВЕД**...... 3
**I. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** ...... 3
**II. РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА** ...... 5
**III. РЕПУБЛИКА СРБИЈА** ...... 9
**IV. РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА** ...... 11
**V. ЦРНА ГОРА** ...... 12
**ЛИСТА НА ИЗВОРИ** ...... 15

## РЕЗИМЕ

Предмет на оваа истражувачка работа е законската регулатива која се однесува на производството и директната продажба на примарни земјоделски производи од фармите во Република Македонија, Република Словенија, Република Србија, Република Хрватска и Црна Гора.

Под примарно производство се подразбира одгледување и производство на примарни производи вклучувајќи берба/жетва, молзење и производство на животни одгледувани на фарма пред колење и вклучува лов и риболов и собирање производи од природата.

Правилниците во Македонија, Србија и Словенија го регулираат примарното производство и директната продажба на земјоделски производи односно дозволените количини на продажба и хигиенските услови. Во делот на дозволените количини на продажба на примарни земјоделски производи нема големи отстапувања во правилниците. Хрватската регулатива која се однесува на производството и директната продажба на примарни земјоделски производи од фармите не ги регулира дозволените количини на производство и продажба на земјоделски производи.

Правилниците во Хрватска и Црна Гора предвидуваат казнени одредби додека во другите земји не се предвидени казнени одредби.

Правилниците во Србија, Македонија и Словенија ја регулираат директната продажба на примарни производи во мали количини од животинско потекло, а не од растително производство, додека Правилникот во Црна Гора ги регулира количините на примарното производство од растително и животинско производство.

# ВОВЕД

**Предмет** на оваа истражувачка работа е **законската регулатива со која се уредува продажбата на производи произведени на фарма.** Во овој компаративен преглед се опфатени законите и правилниците во Македонија, Словенија, Србија, Црна Гора и Хрватска.

Оваа истражувачка работа е изработена по ***барање на пратеник/пратеничка*** на Собранието на Република Македонија.

**Во рамките на Европската Унија**, продажбата на производи од домашни фарми е опфатена со регулативите и директивите кои се однесуваат на сите фази на производство, преработка, дистрибуција и пласирање на храна наменета за исхрана на луѓето. Во однос на директното снабдување на мали количини на примарни производи од страна на операторот со храна, регулативите на ЕУ налагаат тоа да биде регулирано со националното законодавство на земјите членки. На пример, во Регулативата (ЕЗ) бр. 852/2004 од 29 април 2004 година за хигиената на прехранбените производи[1], се наведува дека директното снабдување на мали количини на примарни производи од страна на операторот со храна до крајниот потрошувач или до локалните малопродажни објекти треба да биде регулирано со националното законодавство. ЕУ воедно води политика на промоција на производите од фарма. Политиката за промоција има за цел да отвори нови пазарни можности за земјоделците од ЕУ, како и да помогне за зајакнување на нивниот постоечки бизнис. За таа намена, фондовите на ЕУ се зголемуваат од 142,5 милиони евра во 2017 година на 188,5 милиони евра во 2018 година и 200 милиони евра во 2020 година. Овие фондови можат да се искористат за иницијативи за информирање и промоција на производите од фарма во земјите членки на ЕУ и земјите надвор од ЕУ[2].

# I. РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во Македонија производството на храна е регулирано со **Законот за безбедност на храната**[3]. Во делот на производство и продажба на мали количества на примарни производи (храна) на мали фарми, Агенцијата за храна и ветеринарство го има донесено следниот правилник - **Правилник за условите за директно снабдување од страна на производителот на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем[4].**

---

[1] Regulation (EC) no 852/2004 of the European parliament and of the council of 29 April 2004 on the hygiene of foodstuffs (OJ L 139, 30.4.2004) https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:02004R0852-20090420&from=EN (пристапено на 8.10.2018)

[2] Promotion of EU farm products, European Commission, https://ec.europa.eu/info/promotion-eu-farm-products_en (пристапено на 9.10.2018)

[3] Закон за безбедност на храната на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018) (пристапено на 08.10.2018 година)

[4] Правилник за условите за директно снабдување од страна на производителот на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го

Со овој правилник се регулираат условите за директно снабдување, од страна на производителот, на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач, ловци кои снабдуваат мали количини на дивеч или месо од дивеч директно до краен потрошувач или до локален малопродажен објект кој директно го снабдува крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем. Општите услови кои треба да ги исполнат производителите на овие фарми се пропишани во Правилникот (член 6).

**Под примарно производство се подразбира одгледување и производство на примарни производи вклучувајќи берба/жетва, молзење и производство на животни одгледувани на фарма пред колење и вклучува лов и риболов и собирање производи од природата.**

**Во делот на производство на сирово кравјо млеко** дозволено е до 10.000 литри на годишно ниво односно не повеќе од 30 литри дневно, а за **овчото сирово млеко** нема ограничување (член 7 од Правилникот). За да може производителот да го продава млекото директно од фарма мора да бидат исполнети услови кои се пропишани во овој Правилник.

**Во делот на производство на јајца** дозволено е до 17.000 јајца на годишно ниво односно не повеќе од 50 јајца дневно. За да може производителот да ги продава овие производи мора да ги исполни условите кои се пропишани во член 8 од овој Правилник.

**Во делот на производство на мед и производи од пчели,** максималното количество на медот и другите производи од пчели (млеч, поленов прав и прополис) за консумирање со директно снабдување на крајниот потрошувач не треба да надмине 1.000 кг на годишно ниво (член 9 од овој Правилник). Условите кои треба да ги исполнат овие производители се: пчелините семејства да се во добра општа здравствена состојба и да не покажуваат знаци на заразни болести кои се пренесуваат преку медот и пчелните производи на луѓето; пчелите да не се третирани со забранети или неодобрени супстанции, односно да се почитува периодот на каренца за ветеринарно медицинските препарати и производите да се чуваат во чисти, суви и ладни услови, заштитени од директната сончева светлина и влијанието на штетници.

**Во делот на производство на риба,** максималното количество на риба за консумирање со директна испорака на крајниот потрошувач не треба да надмине 3.500 кг на годишно ниво или до 10 кг дневно (член 9 од Правилникот). Условите кои мора да бидат исполнети за да може рибата да се продава до крајните потрошувачи се : рибите да се во добра општа здравствена состојба; при уловот, рибата да е соодветно заштитена од контаминација од непосредната околина; опремата наменета за чување на уловена риба треба да биде чиста и добро одржувана и доколку рибата не се испорачува веднаш до крајниот потрошувач

---

снабдуваат крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем Службен весник на РМ, бр. 10 од 17.1.2013 година http://www.fva.gov.mk/images/stories/2013_10-Praviluslovimalopr.pdf (пристапено на 8.10.2018 година)

треба да се обезбеди соодветен температурен режим (ладење) во текот на складирањето и транспортот на температура на топење мраз, при што мразот треба да биде добиен од вода која ги исполнува барањата за водата за пиење или да се обезбеди соодветно ладење во фрижидерите.

**Во делот на директна продажба на дивеч** до крајниот потрошувач максималното производство не треба да надмине повеќе од 20 грла годишно или до две грла месечно за крупен дивеч и 60 единки годишно или до пет единки месечно за ситен дивеч. Ловците кои снадбуваат мали количини на дивеч и месо од дивеч мора да ги исполнуваат условите пропишани од Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло[5] (член 30, 31 и 32).

Во однос на **означувањето**, примарните производи кои се продаваат директно од фарма до крајните корисници мора да ги содржат следниве информации: име на производот или име на животинските видови од кои е добиен производот; начинот на подготовка; детали за производителот (име и презиме на производителот, регистерски број од Агенцијата за храна и ветеринарство); крајниот рок на употреба и датумот на производство; начин на чување, доколку е потребно; начин на употреба, каде што е потребно; рок на траење на лесно расиплива храна со зборовите „употребливо до". Секој производ треба да има декларација која ќе биде поставена на храната или во нејзина непосредна близина напишана на македонски јазик. Доколку дел од примарните производи се продаваат надвор од фармата производителот треба да ги исполнува условите кои се пропишани во член 13 од овој Правилник.

## II. РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Во Словенија производството и продажбата на примарни производи во мали количини е регулирано со **Правилникот за одредување на мали количини на храна, услови за нивно производство и обезбедување на одредени отстапувања за установи за храна од животинско потекло[6]** кој е донесен врз основа на: Законот за земјоделство[7], Закон за изменување и дополнување на

---

[5] Правилник за посебните барања за храната од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" бр. 115/08 и 21/09). Со овој правилник се врши усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 853/2004 на Европскиот Парламент и на Советот од 29 април 2004 година за утврдување на посебни хигиенски правила за храна од животинско потекло (CELEX број 32004R0853); Регулатива на Комисијата (ЕУ) 2015/1474 од 27 август 2015 година во врска со употребата на рециклирана топла вода за отстранување на микробиолошка контаминација на површината од трупови од животни (CELEX број 32015R1474); Регулатива на комисијата (ЕК) број 2074/2005 од 5 декември 2005 година со која се пропишуваат мерките за имплементација на одредени производи од Регулативата (ЕК) број 853/2004 на Европскиот парламент и на советот и на организација на службените контроли од Регулативата (ЕК) 854/2004 на Евроипскиот парламент и на Советот и Регулативата (ЕК) број 882/2004 на Европскиот парламент и на советот, дерогациите од Регулативата (ЕК) број 852/2004 на Европскиот парламент и на Советот и за надополнување на Регулативите (ЕК) број 853/2004 и број 854/2004 (CELEX број 32005R2074). (пристапено на 10.10.2018 година)

[6] Pravilnik o določitvi majhnih količin živil, pogojih za njihovo pridelavo ter o določitvi nekaterih odstopanj za obrate na področju živil živalskega izvora http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV11900 (пристапено 9.10.2018 година)

[7] Zakon o kmetijstvu (Uradni list RS, št. 45/08, 57/12, 90/12 – ZdZPVHVVR, 26/14, 32/15, 27/17 in 22/18) http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO4716# (пристапено 09.10.2018 година)

Законот за критериуми за ветеринарна усогласеност[8], Законот за заштита на животните[9] и Законот за инспекција[10].

Со овој правилник се регулираат малите количини на храна, условите за нивно производство и барања за етикетирање кои мора да се исполнат во однос на правилата за хигиена од страна на операторите на прехранбената дејност кои произведуваат мали количества храна на ниво на примарно производство и вршат снабдување на истите директно до крајниот потрошувач или на локални малопродажни претпријатија. Овој правилник е хармонизиран согласно Регулативата (ЕЗ) бр. 852/2004 од 29 април 2004 година за хигиената на прехранбените производи.

Примарното производство на храна од растително потекло која може да се одгледува или собира во мали количини вклучува:

- житни култури (пченица, 'рж, тритикале, пченка, јачмен, просо, овес и хељда);
- компир;
- зеленчук (зелка, карфиол, савонска зелка, брокула, салата, цикорија, спанаќ, салата од пченка, морков, цвекло, краставица, тиква, домат, пиперка, лук, кромид, праз, аспарагус и мешунки);
- овошје (јаболка, круши, дуња, калинки, праски, нектарини, кајсии, цреши, вишни, сливи, ореви, лешници, бадеми, костен, јагоди, малини, американска боровинка, рибизла, трпезно грозје, киви, јапонско јаболко и смокви);
- растенија со маслодајна култура и влакна (сончогледи, маслинки, маслодајна репка, коноп и лен);
- култивирани билки (босилек, лук, селен, мајорам, маточина, оригано, камилица, виолетова ехинацеа, рузмарин, лаванда, чубрица и тимјан);
- домашно овошје и билки.

Согласно овој правилник не е дозволено да се снабдуваат угостителски објекти на јавни установи (како што се училишта, расадници, болници, домови за пензионирање) со примарна храна од растително потекло (член 5 став 3).

**Во однос на примарното производство на храна од животинско потекло, суровото млеко** може да се произведува и продава во количина од максимум **10.000 литри годишно или 30 литри дневно**. Суровото млеко мора да потекнува од животни кои не покажуваат никакви знаци на болести кои се пренесуваат на луѓето преку млекото и се во добра општа здравствена состојба и не им се дадени забранети или неовластени супстанции. Условите за просториите и опремата што се користат за производство на сурово млеко се во насока на избегнување на опасноста од контаминација на млекото од воздух, вода, храна, вештачки ѓубрива, медицински производи за ветеринарна употреба,

[8] Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o veterinarskih merilih skladnosti (Uradni list RS, št. 22/18) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7757# (пристапено 09.10.2018 година)
[9] Zakon o zaščiti živali (zzziv) http://extwprlegs1.fao.org/docs/html/slv101698.htm (пристапено 9.10.2018 година)
[10] Zakon o inšpekcijskem nadzoru (Uradni list RS, št. 43/07 – uradno prečiščeno besedilo in 40/14) http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO3209 (пристапено 9.10.2018 година)

производи за здравје на растенијата. Воедно, мора редовно да се чистат и дезинфицираат просториите што се користат за складирање на млеко. Млекото што нема да биде испорачано во рок од 2 часа од молзењето мора да се излади на температура од 6 до 8°C.

**Во делот на производството и директната продажба на јајца до крајните потошувачи** дозволена е продажба на мала количина јајца од местото на производство до крајниот потрошувач или на малопродажни објекти кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач. Бројот на кокошки - несилки не треба да биде поголем од 350 единки на годишно ниво. За да можат да ги продаваат овие продукти производителите мора да ги исполнат следниве услови: јатото (кокошките) да е во добра општа здравствена состојба и да не покажува никакви знаци на болести кои се пренесуваат на луѓето преку јајцата; да не е издадена никаква забрана за производот (јајцата); пред да бидат продадени да се чуваат во чисти и суви простории заштитени од директна сончева светлина; јајцата да не бидат постари од 21 ден од носењето.

**Пчелните производи (мед, мед во саќе, матичен млеч, прополис и пчелин восок)** е дозволено да се продаваат во помали количини до крајните потошувачи. За да можат производителите да ги продаваат пчелните производи мора да ги исполнат следниве услови: производите да се чуваат во суви и чисти простории заштитени од сончеви зраци; пчелните семјества да бидат здрави и да нема никакви болести кои би се пренесле со пчелните производи и да нема изречена никаква забрана кон тие пчелни семејства.

**Производи од риба** се сите морски и слатководни риби или диви риби кои се чуваат во рибници, освен живи школки, живи полжави, сите врсти на цицачи и други влекачи и жаби. Максималната количина за производство е до 3.000 кг на годишно ниво. Условите во кои треба да се чуваат рибите согласно овој правилник се: целата опрема, алати и контејнери кои доаѓаат во контакт со рибните производи мора да бидат чисти и добро одржувани; рибите треба да бидат во добра општа здравствена состојба; мора да има обезбедено простории во кои ќе се чисти рибата за да може да се продаде до крајниот потрошувач. Ако не биде продадена, рибата мора да се чува во мраз или во комори на одредена температура за да не дојде до расипување на производот. Во делот на продажбата на рибите **(индустриски риболов)** влегува ловот на рибите директно со брод, при тоа уловот не смее да надминува 50 кг дневно. Во однос на хигиената, Правилникот налага бродовите и просторот за складирање да бидат чисти.

**Правилникот во однос на продажбата и производството на живина и зајци за месо (lagamorf)** налага: максималната количина да не надминува 5.500 кокошки, бројлери и зајци, а за мисирки не повеќе од 800 единки на годишно ниво. Животните мораат да потекнуваат од фармата каде што се чуваат и да бидат најмалку еден месец стари. Производителот мора да води евиденција за бројот и видот на заклани животни и датумот на колење. Пред да се заколат овие животни мора да се проверат дали се во добра општа здравствена состојба, да немаат никакви болести кои би се пренеле на потрошувачите. Производителот/операторт за храна пред да започне со колење мора да ги

исполни условите од дел А од Анекс I од Регулативата 852/2004 / ЕК хигиена на пренхрамбените производи[11]. Односно, треба да обезбеди простории за зашеметување и колење на трупови на заклани животни; опрема за зашеметување, стерилизатори за опремата со кое се врши колењето и простории за замрзнување или ладилници со доволен капацитет за истовремено ладење на целото количество месо од заклани животни.

**Во делот на дивеч и месо од дивеч во мали количини** ловечките клубови или ловиштата за специјални намени можат да го продаваат дивечот од местото на ловење до крајниот потрошувач или во малопродажните објекти, но не повеќе од 20% од планираниот годишен лов на секој поединечен вид на дивеч, согласно годишните планови за управување со површини утврдени за одделни видови на дивеч во рамките на ловечката организација. Организацијата на ловџии мора да достави информации за планираната годишна квота за ловење на дивеч. Ловечките клубови за да можат да го продаваат месото од дивечот мора да ги исполнат следниве критериуми:

- Мора да има обучено лице кое ќе го спроведе инспекцискиот надзор согласно Регулативата 853/2004 ЕК[12] Поглавје I од Оддел IV од Анекс III;
- Операторот на прехранбената дејност (ловечките клубови), покрај условите од Дел А од Анекс I на Регулативата 852/2004 / ЕЗ, треба да обезбеди:
  - простории или посебна локација за вадење на кожата на дивечот;
  - опрема за вадење на кожата во висинска положба;
  - простории за перење со ладна и топла вода и стерилизатор за рачните алати;
- Задолжителен ветеринарен преглед на уловениот дивеч, во согласност со Регулативата (ЕК) бр. 854/2004[13] ;
- Телата на дивечот се делат во максимум шест основни делови;
- Пред да се продадат овие производи до крајните потрошувачи или на малопродажните претпријатија, труповите или месото од дива свиња и други видови дивеч, мора да се проверат од Trichinella во согласност со Регулативата ЕК бр. 2075/2005[14];

[11] Regulation (EC) no 852/2004 of the European Parliament and of the Council of 29 april 2004 on the hygiene of foodstuffs https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX:32004R0852 (пристапено на 13.10.2018 година)

[12] Regulation (EC) no 853/2004 of the European Parliament and of the Council of 29 April 2004 laying down specific hygiene rules for on the hygiene of foodstuffs https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2004:139:0055:0205:EN:PDF (пристапено на 13.10.2018 година)

[13] Регулативата (ЕК) бр. 854/2004 на Европскиот парламент и на Советот од 29 април 2004 година за утврдување на посебни правила за организација на службена контрола на производи од животинско потекло наменети за човекот 633/2014 од 13 јуни 2014 година измена на Анекс III кон Регулативата ЕК 853/2004 на Европскиот парламент (ОВ L 139, 30.4.2004 година, стр 206), последно променета со Регулативата (ЕО) и на Советот и Анекс I кон Регулативата (ЕЗ) бр. 854/2004 на Европскиот парламент и на Советот во однос на специфичните барања за ракување со големите диви диве и за постморталната инспекција на дивечот (ОВ L 175, 14 6. 2014, стр.6) (пристапено на 11.10.2018)

[14] Регулативата ЕК бр. 2075/2005 на Комисијата 5 декември 2005 година за утврдување на специфични правила за официјални контроли за Трихинелата во месото (ОВ L 338, 22.12.2005 година, стр 60), последно обновена со Регулативата (ЕУ) бр.1114/2014 на Комисијата од 21 октомври 2014 година на амандмани на Регулативата број 2075/2005 врска одредување на специфични правила за официјални контроли за трихинела во месото (ОВ L 302, 22.10.2014 година, стр 46)

- Задолжително е да се води евиденција на денот на снабдувањето, количината и видот на испорачаното месо од дивеч.

## III. РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Србија производството и продажбата на примарни производи во мали количини е регулирано со Законот за безбедност на храна[15] и со **Правилникот за мали количини на примарни производи кои служат за снадбување на потрошувачи, области во кои се врши оваа активност како и отстапки кои се однесуваат на мали оператори кои работат со храна од животинско потекло[16].** Одредбите од овој правилник не се применуваат за примарното производство на храна за употреба за сопствено производство, како и за подготовка, ракување или складирање на храна за потрошувачка во сопственото производство.

Во овој правилник се уредини количините на производството и продажбата на примарните производи од животинско потекло, како што се :

- Продажба на сирово млеко - 200 литри неделно;
- Продажба на јајца - 500 јајца неделно, 10.000 јајца на годишно ниво;
- Продажба на риба – 1.000 кг на годишно ниво;
- Продажба на крупен дивеч - 10 единки на годишно ниво;
- Продажба на ситен дивеч - 500 единки на годишно ниво.

**Во делот на хигиенските услови за сировото млеко,** согласно овој правилник пропишани се следните правила: сировото млеко да е добиено од животни кои се во добра општа и здравствена состојба; просториите каде се чува млекото мора да бидат одделени од просториите каде се сместени животните; млекото од различни видови животни мора да се чува посебно. Сировото млеко кое е спакувано или не спакувано мора да има информации во кои се наведени бројот на производителот/матичен број на стопанството; адреса и, доколку е потребно, името на местото на производство; видот на животното од кое потекнува млекото; рок на употреба; температура на складирање; нето количината на оригиналното пакување и ознаката „сирово млеко“, и „употреба после готвење". Производителот може да го преработува млекото само во неговото дамаќинство, при што објектот мора да биде регистриран, а производот може да го продава на домаќинства, мали и локални пазари. Дозволена количина за преработка и продажба на сирово млеко е 200 литри неделно.

Со Правилникот се регулирани количините на **живина и зајци** кои производителот може да ги произведе и продаде на пазарот, како и местото на

---

[15] Закон о безбености хране (Службени гласник Републике Србије бр. 41/2009) https://zivinarstvo.com/wp-content/uploads/2014/02/ZAKON-O-BEZBEDNOSTI-HRANE.pdf (пристапено на 14.10.2018)

[16] Правилник о малим количинама примарних производа које служе за снабдевање потрошача, подручју за обављање тих делатности као и одступања која се односе на мале субјекте у пословању храном животињског порекла (Службени гласник Републике Србије бр.117/2017) http://www.vet.minpolj.gov.rs/legislativa/pravilnici/Pravilnik%20o%20malim%20kolicinama%20primarnih%20proizvoda.pdf (пристапено на 14.10.2018 година)

активност, областа и местото на директна продажба. Продажбата на месо од бројлери и колење на живина е 100 единки неделно или 5.000 годишно. Овие производи можат да се продаваат на локални пазари, локални малопродажни продавници и во домаќинствата на територијата на општината каде се одгледуваат, но и во соседните општини. Продажбата на месо од бројлери и колење на живина (гуски, патки и др.) е 20 единки неделно, односно не повеќе од 1.000 единки годишно. Продажбата на овие производи се врши на локални пазари, локални малопродажни продавници и во домаќинствата на територијата на општината каде се одгледуваат, како и во соседните општини. За продажбата на месо и колење на зајци дозволено е 20 единки неделно и не повеќе од 1.000 годишно. Продажбата на овие производи се врши на локални пазари, локални малопродажни објекти и во домаќинствата на територијата на општината каде се одлгедуваат, како и во соседните општини. Производите кои се наменети за продажба до крајните потрошувачи можат да бидат сапкувани при што мора да стои етикета на која ќе биде наведено од кој оператор за храна се, кога е заклано животното, рокот на употреба на производот и др.

**Хигиенските условите за чување, производство и продажба на мали количини јајца** пропишани со Правилникот се: јајцата мора да доаѓаат од здрава живина, за која е утврдено дека ги исполнува одредбите од посебните прописи со кои се уредува областа на здравствената заштита на животните; просториите за производство на јајца мора да се чисти, суви, неоштетени и добро заштитени од директна сончева светлина; јајцата се складираат и транспортираат до крајниот потрошувач на еднаква температура, што на најдобар можен начин обезбедува оптимални хигиенски услови за нивниот квалитет и безбедност; јајцата се доставуваат до крајниот потрошувач не подоцна од 21 ден по носењето. Производителот на местото на продажба на јајцата на јасно видлив начин обезбедува информации наменети за крајниот потрошувач, име и адреса на производителот заедно со други потребни податоци за контакт, регистарски број на производителот/матичен број на стопанството, видот на живината од која потекнуваат јајцата и датумот на производство.

**Хигиенските услови за производство и продажба на риба** предвидуваат доколку рибата е жива и се транспортира до локалните пазари или директно до потрошувачите да биде во посебни чисти контејнери; водата во која се чува рибата да биде чиста; доколку се продава риба исчистена од внатрешни органи и обезглавена мора да се чува во посебни услови (мраз) за да се избегне распипување на истата.

**Хигиенските услови за снабдување мали количини крупен дивеч** од страна на производителот (ловни друштва) за крајните потрошувачи, односно малопродажните места, се уредува со посебен пропис кој ги регулира службените контроли и трговијата со дивеч[17].

[17] Правилник о ветеринарско - санитарним условима, односно општим и посебним условима за хигијену хране које морају да испуњавају објекти за промет одстрељене дивљачи, као и начину вршења службене контроле одстрељене дивљачи („Службеном гласнику Републике Србије", број 68/10 од 21.септембра 2010. године)

Во делот на **преработка на месо во мали количини**, Правилникот дозволува операторите да преработуваат до 100 кг месо неделно и не повеќе од 1.000 кг на годишно ниво. Условите за преработка на месо се опишани во член 18 од овој Правилник. За да може производителот/операторот за преработка на месо да ги продава овие производи мора на нив да има етикета со информации за производителот, датумот на колење, рокот на употреба, видот на месото и др.

Со овој Правилник се пропишуваат условите за работа на производители/оператори на мали количини храна само **од животинско потекло. Производите од пчели се изземени од овој Правилник.**

## IV. РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Во Хрватска, директното продавање на земјоделски производи од фарма е регулирано со Законот за семејно земјоделство[18] и Правилникот за продажба на сопствени земјоделски производи произведени на семејно земјоделско стопанство[19]. Во членот 27 од Законот е наведено дека семејното земјоделско стопанство може своите производи да ги продава директно од фармата или да ги достави до потрошувачите, локалните пазари, локалните малопродажни места, како и до угостителските објекти. Семејното стопанство мора да води евиденција за тоа кога секој производ е произведен и на кого е продаден. Сите овие податоци ги доставаат до Платежната агенција за земјоделство која води регистар на сите земјоделски стопанства. Надлежен земјоделски инспектор може да изрече опомена на семејното земјоделско стопанство во случај кога не води евиденција за производството, продажбата и ја нема известено Платежната агенција за земјоделство (член 48 од Законот). Со овој Закон се предвидени **казнени одредби** од 1.500 до 15.000 куни (200 до 2.000 евра), доколку семејното земјоделско стопанство не води евиденција и ја нема известено Агенцијата.

Со Правилникот за продажба на сопствени земјоделски производи произведени на семејно земјоделско стопанство се уредува начинот и условите на продажбата на земјоделските производи, како и начинот на водење на евиденција на продажбата и производството. Семејното земјоделско стопанство своите производи може да ги продава директно од фармата, на локалните пазари, на откупни пунктови и на пазарите на големо. Во случај кога стопанството ги продава производите на сопствен пункт мора да поседува решение или документ дека е запишан во регистарот на земјоделски стопанства во зависност од производот кој го продава и секогаш мора да го даде на увид на овластени преставници ако му биде побарано. Во прилог на овој Правилник има

---

http://www.vet.minpolj.gov.rs/legislativa/pravilnici/Pravilnik%20o%20opstim%20i%20posebnim%20uslovima%20objekti%20za%20divljac%20i%20sluzbena%20kontrola%20odstreljene%20divljaci.pdf (пристапено на 14.10.2018 година)

[18] Zakona o obiteljskom poljoprivrednom gospodarstvu na Republika Hrvatska (Narodne Novine br. 29/18) https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2018_03_29_585.html (пристапено на 16.10.2018 година)

[19] Pravilnik o prodaji vlastitih poljoprivrednih proizvoda proizvedenih na obiteljskom poljoprivrednom gospodarstvu na Republika Hrvatska (Narodne Novine br. 76/14 I 82/14) https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/full/2014_06_76_1437.html (пристапено на 16.10.2018 година)

официјален образец за евиденција на продажба на сопствени земјоделски производи. Во Законот и Правилникот **не се уредува подетално количината на производството и продажбата на примираните земјоделски производи**.

## V. ЦРНА ГОРА

Во Црна Гора примарното производство, продажбата и преработката на земјоделски производи е регулирано со закони и уредба. Законот за земјоделство и рурален развој[20], Законот за безбедност на храната[21] и Уредбата за хигиенски услови за објекти и простории во кои се произведуваат мали количини на храна за луѓе[22].

**Законот за земјоделство и рурален развој** го регулира развојот на земјоделството и руралните области, целите и мерките на аграрната политика, поттикот во земјоделството и условите за нивна реализација, правата и обврските на корисниците на стимулациите, дополнителните активности во земјоделството, организацијата на земјоделството, како и други прашања од значење за развојот на земјоделството и руралните средини. Согласно Законот**, семејно земјоделско стопанство** е земјоделско стопанство на кое земјоделците сами или заедно со членовите на своето домаќинство вршат земјоделска дејност.

**Со Законот за безбедност на храната** се пропишуваат условите за безбедност на храната и добиточната храна, обврските и одговорностите на субјектите во производството на храна и добиточна храна, вклучувајќи и традиционални производи, како и други прашања од значење за безбедноста на храната и добиточната храна, со цел да се заштитат животите и здравјето на луѓето, животната средина, заштитата на потрошувачите и ефикасното функционирање на пазарите.

**Уредбата за хигиенски услови за објекти и простории во кои се произведуваат мали количини на храна за луѓе** пропишува дека е дозволено мали количини на продажба и преработка на: јајца, сирово млеко, сирење, сурутка, павлака, крем сирење, мед, овошје, зеленчук и житарици, (со исклучок на маслиново масло и производи добиени во процесот на алкохолна ферментација произведена на семејни фарми) да се стават на пазарот за снабдување до крајниот потрошувач или продавниците на локалниот пазар. Примарните производи може да се продаваат на местото на производство, саеми, пазари, локални продавници и угостителски објекти.

---

[20] Zakon o poljoprivredi i ruralnom razvoju Crne Gore ("Službeni list Crne Gore",br. 056/09 od 14.08.2009,018/11od01.04.2011,040/11od08.08.2011,034/14od08.08.2014,001/15od05.01.2015,030/17od09.07, 051/17od 03.08.2017) https://www.bijelopolje.co.me/images/2018/zakon_o_poljoprivredi_i_ruralnom_razvoju.pdf (пристапено на 16.10.2018 година)

[21] Zakon o bezbednosti hrane Crne Gore ("Službeni list CG", br.57/2015) http://www.ubh.gov.me/biblioteka/sektor_1/zakoni (пристапено на 16.10.2018 година)

[22] Uredbe o zahtjevima higijene za objekte i prostorije u kojima se proizvode male količine primarnih proizvoda za ishranu ljudi http://www.ubh.gov.me/ResourceManager/FileDownload.aspx?rid=260063&rType=2&file=1.%20Zahtjevi%20higijene%20za%20objekte%20I%20prostorije%20u%20kojima.pdf (пристапено на 16.10.2018 година)

Согласно **условите за продажба на јајца** кои се произведени на семејното земјоделско стопанство, тие можат да се продаваат во случај само ако нема болести на фармата, се собираат еднаш дневно, се чуваат на суви и чисти места и најкасно за 21 ден од несењето. Максималната количина за продажба на јаца од сопствено производство изнесува 350 парчиња неделно.

**Производството и продажбата на мали количини сирово млеко** кое се произведува на семејното земјоделско стопанство/фарма изнесува 100 литри дневно. Хигиенските услови предвидуваат млекото: да потекнува од здрави животни; да се чува во просторија која е одвоена од местото каде што се сместени животните; измолзеното млеко да се чува во чисти и покриени садови на ладно место; да се испитува четири пати годишно за вкупниот број на микроорганизми и соматски клетки; да се испорача до крајниот потрошувач во рок од 24 часа ако се чува на температура од 6°C до 8°C, а ако се чува без ладење во рок од 2 часа од молзењето.

Во однос на **хигиенски услови за производство и продажба на мали количини сирење, сурутка, павлака и кајмак** предвидено е: сировото млеко од кое се произведуваат да потекнува од здраво животно и да е обработено во чисти простории кои се одделени од просториите во кои се сместени животните. Воедно, семејното земјоделско стопанство може да обработи до 50 литри сирово млеко дневно и да произведува сирење, сурутка, павлака и кајмак во просториите кои се дел од домаќинството, а повеќе од 50 литри сирово млеко дневно може да се обработат во посебен објект лоциран на земјоделското стопанство.

**Медот во мали количини** може да се продава доколку потекнува од здрави пчелни семејства, се чува во суви и чисти простории и ги исполнува посебните услови за складирање. Максималната количина на продажба мед до крајните потрошувачи е 600 кг на годишно ниво. До 300 кг мед може да се спакува ако се чува во домот на семејното земјоделско стопанство, а во случај ако има посебен објект на фармата може и над 300 кг.

Дозволена е **продажба на овошје зеленчук и житарици во мали количини** до 50 кг дневно ако просторијата е во состав на домаќинството. Ако има посебна просторија одделена од домаќинството тогаш може и над 50 кг дневно од овие производи да се преработуваат и продаваат.

Примарните производители на мали количини на земјоделски производи при испорака или продажба до крајните потрошувачи или трговските претпријатија мора да ги имаат назначено следниве **информации на производите**: име и презиме на производителот/земјоделското стопанство, името на производот, адреса на земјоделското стопанство; бројот на решението за упис во регистарот на земјоделски стопанства, бројот на решението за регистрација во регистарот на регистрирани прехранбени објекти и датумот на производството[23]. Уредбата

[23] Zahtjevi higijene za objekte i prostorije u kojima se proizvode male količine primarnih proizvoda za ishranu ljudi http://www.ubh.gov.me/vijesti/167542/Publikacija.html (пристепено на 17.10.2018 година) (Брошура издадена на Министерството за Земјоделство на Црна Гора во која се опишани хигиенските услови на објектите во кои се чуваат производите наменети за продажба на мали количини на примарно земјоделско производство)

во член 12 предвидува **парични казнени одредби** во износ од 500 евра до 10.000 евра во случај ако се продаваат примарни производи кои не се произведени/преработени на семејното земјоделско стопанство, ако се продаваат поголеми количини од тие кои се пропишани со Уредбата и ако се продаваат примарни производи на други субјекти кои не се крајни потрошувачи.

Изработил: Славчо Маркоски

Конролирала: Ева Јованова

Одобрила: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Regulation (EC) No 852/2004 of the European Parliament and of the Council of 29 April 2004 on the hygiene of foodstuffs (OJ L 139, 30.4.2004) https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:02004R0852-20090420&from=EN
2. Promotion of EU farm products, European Commission, https://ec.europa.eu/info/promotion-eu-farm-products_en
3. Закон за безбедност на храната на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/2010, 53/2011, 1/2012, 164/2013, 187/2013, 43/2014, 72/2015, 84/2015, 129/2015, 213/2015, 39/2016 и 64/2018)
4. Правилник за условите за директно снабдување од страна на производителот на мали количества примарни производи до крајните потрошувачи или до локалните малопродажни трговци кои директно го снабдуваат крајниот потрошувач, како и општите и посебните барања за локализирана активност за операторите со храна од мал обем Службен весник на РМ, бр. 10 од 17.1.2013 година http://www.fva.gov.mk/images/stories/2013_10-Praviluslovimalopr.pdf
5. Правилник за посебните барања за храната од животинско потекло ("Службен весник на Република Македонија" бр. 115/08 и 21/09)
6. Pravilnik o določitvi majhnih količin živil, pogojih za njihovo pridelavo ter o določitvi nekaterih odstopanj za obrate na področju živil živalskega izvora http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV11900
7. Zakon o kmetijstvu (Uradni list RS, št. 45/08, 57/12, 90/12 – ZdZPVHVVR, 26/14, 32/15, 27/17 in 22/18) http://pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO4716#
8. Zakon o spremembah in dopolnitvah Zakona o veterinarskih merilih skladnosti (Uradni list RS, št. 22/18) http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO7757#
9. Z a k o n o zaščiti živali (zzziv) http://extwprlegs1.fao.org/docs/html/slv101698.htm
10. Regulation (EC) no 852/2004 of the European Parliament and of the Council of 29 april 2004 on the hygiene of foodstuffs https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX:32004R0852
11. Regulation (EC) no 853/2004 of the European Parliament and of the Council of 29 April 2004 laying down specific hygiene rules for on the hygiene of foodstuffs https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2004:139:0055:0205:EN:PDF
12. Правилник о малим количинама примарних производа које служе за снабдевање потрошача, подручју за обављање тих делатности као и одступања која се односе на мале субјекте у пословању храном животињског порекла (Службени гласник Републике Србије бр.117/2017) http://www.vet.minpolj.gov.rs/legislativa/pravilnici/Pravilnik%20o%20malim%20kolicinama%20primarnih%20proizvoda.pdf

13. Закон о безбености хране (Службени гласник Републике Србије бр. 41/2009) https://zivinarstvo.com/wp-content/uploads/2014/02/ZAKON-O-BEZBEDNOSTI-HRANE.pdf
14. Правилник о ветеринарско - санитарним условима, односно општим и посебним условима за хигијену хране које морају да испуњавају објекти за промет одстрељене дивљачи, као и начину вршења службене контроле одстрељене дивљачи („Службеном гласнику Републике Србије”, број 68/10 од 21.септембра 2010. године) http://www.vet.minpolj.gov.rs/legislativa/pravilnici/Pravilnik%20o%20opstim%20i%20posebnim%20uslovima%20objekti%20za%20divljac%20i%20sluzbena%20kontrola%20odstreljene%20divljaci.pdf
15. Водич за клање малих количина живина и лагоморфа на газдинству http://www.vet.minpolj.gov.rs/dogadjaji/VODIC%20ZA%20KLANJE%20MALIH%20KOLICINA%20ZIVINE.pdf
16. Zakona o obiteljskom poljoprivrednom gospodarstvu na Republika Hrvatska (Narodne Novine br. 29/18) https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2018_03_29_585.html
17. Pravilnik o prodaji vlastitih poljoprivrednih proizvoda proizvedenih na obiteljskom poljoprivrednom gospodarstvu na Republika Hrvatska (Narodne Novine br. 76/14 I 82/14) https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/full/2014_06_76_1437.html
18. Zakon o poljoprivredi i ruralnom razvoju Crne Gore ("Službeni list Crne Gore",br. 056/09 od 14.08.2009,018/11od01.04.2011,040/11od08.08.2011,034/14od08.08.2014,001/15od05.01.2015,030/17od09.07,051/17od 03.08.2017) https://www.bijelopolje.co.me/images/2018/zakon_o_poljoprivredi_i_ruralnom_razvoju.pdf
19. Zakon o bezbednosti hrane Crne Gore ("Službeni list CG", br.57/2015) http://www.ubh.gov.me/biblioteka/sektor_1/zakoni
20. Uredbe o zahtjevima higijene za objekte i prostorije u kojima se proizvode male količine primarnih proizvoda za ishranu ljudi http://www.ubh.gov.me/biblioteka/uredbe
21. Zahtjevi higijene za objekte i prostorije u kojima se proizvode male količine primarnih proizvoda za ishranu ljudi http://www.ubh.gov.me/vijesti/167542/Publikacija.html